РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
БР. 08 – 1242/1
29.09 2022 ГОД.
ДЕМИР ХИСАР

Архивски знак 01/01.01
Рок на чување „Т"
30.12.2022г. Потпис

# ПРАВИЛНИК

## за постапката за управување со ефектот на вработените во Територијалната противпожарна единица Демир Хисар, следење, оценување и предлагање на мерки за подобрување

Демир Хисар, октомври 2022

Врз основа на член 50 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и член 11-ј став 1 од Законот за пожарникарството пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр.39/16) и Законот за изменување на Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/2019), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе

# ПРАВИЛНИК

## за постапката за управување со ефектот на вработените во ТППЕ Демир Хисар, следење, оценување и предлагање на мерки за подобрување

## I. Постапка за спроведување на оценување

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на постапката за управување со ефектот на вработените во ТППЕ Демир Хисар преку континуирано следење и оценување и предлагање на мерки за подобрување.

### Член 2

Оценката за учинокот е мерка за придонесот на вработениот за ефикасно и ефективно функционирање на институцијата која се мери преку квалитетот, динамиката, почитувањето на роковите, нивото на исполнување на работните цели и задачи, сервисната ориентација, професионалноста и однесувањето на вработениот.

Оценувањето се врши во период од 1 декември до 31 декември во тековната година.

### Член 3

Оценката од член 2 од овој Правилник е основ за зголемување или намалување на платата на вработениот, утврдување на парична или друг тип на материјална и нематеријална награда, унапредување или распоредување на работа на пониско ниво.

### Член 4

Годишната оцена на професионалниот пожарникар вработен во територијалните противпожарни единици може да биде:

- „А“ доколку има вредност од 4,51 до 5,00,
- „Б“ доколку има вредност од 3,51 до 4,50,
- „В“ доколку има вредност од 2,51 до 3,50,
- „Г“доколку има вредност од 1,51 до 2,50 и
- „Д“ доколку има вредност од 1,00 до 1,50.

### Член 5

Оценувањето врз основа на вреднувањето на придонесот на вработениот од членот 4 на овој Правилник го врши Командирот на ТППЕ Демир Хисар, а оценувањето на Командирот на ТППЕ Демир Хисар го врши раководителот на организационата единица надлежна за заштита и спасување во Општина Демир Хисар или вработен на работно место за заштита и спасување во Општина Демир Хисар или Градоначалникот на Општина Демир Хисар доколку нема вработено лице задолжено за заштита и спасување во Општина Демир Хисар.

Оценувањето се врши со цели броеви од 1 до 5, за секоја област и тоа квалитетот, динамиката, почитувањето на роковите, нивото на исполнување на работните цели и задачи, сервисната ориентација, професионалноста и однесувањето на вработениот.

Оценувањето се врши на пропишан образец број 1 кој е составен дел на овој Правилник.

Пополнетите Образец 1 за оценување на вработените во ТППЕ Демир Хисар, како и извештајот со ранг листа на годишните оценки на вработените во ТППЕ Демир Хисар (Образец 2), се доставуваат до Одделението за управување со човечки ресурси во Општина Демир Хисар, вработениот и ТППЕ Демир Хисар.

Работникот кој не е задоволен од оценувањето има право да поднесе приговор за преиспитување на оценувањето до Градоначалникот на Општина Демир Хисар во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето за оценување.

## II. Ефекти од оценувањето

### Член 6

Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на вработените во територијалните единици кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места.

Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување и националната припадност.

Вработениот може да биде унапреден на друго работно место, доколку ги исполнува следниве услови:

-работното место на кое се унапредува е слободно,

-во целост ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,

-бил оценет со оценка А или Б на оценувањето во годината пред унапредувањето согласно со членот 11-ј од Законот за пожарникарство,

-ги исполнува работните компетенции предвидени за работното место на кое се унапредува,

- е распореден на ниво непосредно пониско од нивото на кое се унапредува,

-поминале најмалку две години од неговото последно унапредување и

-во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон.

Начинот на спроведување на селекција при унапредување на вработените во ТППЕ Демир Хисар го пропишува Градоначалникот на Општина Демир Хисар со посебен Правилник за начинот на спроведување на селекција при унапредување на вработените во ТППЕ Демир Хисар.

**III. Мерки за одличен и слаб ефект**

**Член 7**

Вработените на кои годишната оценка од оценувањето е "А" и "Б", може да бидат наградени парично или со друг тип на материјална и нематеријална награда или унапредување доколку во Правилникот за систематизација на вработените во Општина Демир Хисар се предвидени такви работни места.

Вработените на кои годишната оценка е "В" и "Г", ќе бидат распоредени на работа на пониско ниво доколку во Правилникот за систематизација на вработените во Општина Демир Хисар се предвидени такви работни места.

На професионалните пожарникари кои се оценети со оценка „Д" во две последователни оценувања или најмалку три во последните пет години, им престанува работниот однос.

За реализирање на мерките за одличен и слаб учинок, Градоначалникот на Општина Демир Хисар, донесува решение најдоцна до 1 март во тековната, за претходната година.

Решението од ставот 4 на овој член е конечно и извршно и против него е дозволена тужба пред надлежен суд.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Подготвил

Игор Дамјаноски

Јасмина Василеска Перчаковска

Број:
---------2022 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар,
Никола Најдовски
___________________________

Образец број '

**ОБРАЗЕЦ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИ ВО ТППЕ ДЕМИР ХИСАР**
**за година ___________________**

**Табела 1.**

| **Податоци за учесниците во оценувањето** (Овој дел од образецот го пополнува оценуваниот професионален пожарникар, од 15 до 30 декември во претходната за следната година) | |
|---|---|
| **Оценуван професионален пожарникар** | |
| Име и презиме: | Работно место (шифра и назив): |
| | |
| **Оценувач на професионалниот пожарникар** | |
| Име и презиме: | Работно место (шифра и назив): |
| | |

**Табела 2.**

| Област | Оцена | Мерки за подобрување |
|---|---|---|
| Квалитет | | |
| Диманика | | |
| Почитување на рокови | | |
| Ниво на исполнување на работни цели и задачи | | |
| Сервисна ориентација | | |
| Професионалност | | |
| Однесување на вработениот | | |

Образец 2

**ИЗВЕШТАЈ СО РАНГ ЛИСТА НА ГОДИШНИ ОЦЕНКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ТППЕ ДЕМИР ХИСАР**

**За година ___________________**

| Р. бр. | Име и презиме | ЕМБГ | Шифра на работно место | Назив на работно место | Годишна оценка (во две децимали) | Изречена мерка за одличен или слаб ефект |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| 6. | | | | | | |
| 7. | | | | | | |
| 8. | | | | | | |
| 9. | | | | | | |
| 10. | | | | | | |
| 11. | | | | | | |
| Просечна оценка на ниво на единицата: | | | | | | |

Датум _______________

Демир Хисар

**Командир на ТППЕ Демир Хисар**

_________________